7. **СКИЦА** на просторот во кој се врши дејноста
   - скицата треба да го прикаже основниот распоред на просторот, што може да биде и рачно скицирано (не е потребно да се прави во форма на геодетски елаборат), со соодветно обележани делови од просторот (со нивни површини), со цел да се обезбеди негова подобна визуелизација, заради поточно определување на исполнетоста на условите во однос на просторот за вршење на дејноста, согласно Правилникот за поблиските просторни услови, опремата и кадрите за основање и работење на здравствените установи („Службен весник на Република Македонија", бр. 11/92, 25/96, 48/02, 30/05, 62/06, 113/08, 94/10 и 32/11)

8. **ЛИСТА** на опрема со која располага здравствената установа
   - доколку има повеќе организациони единици со повеќе видови дејности, листата се подготвува по единици, односно по дејности

9. **ДОГОВОР СО ФЗОМ**
   - се доставува важечкиот договор (основниот договор со сите анекси)

10. **ЗА СТРУЧНИОТ КАДАР**

I. За здравствен работник со **завршено ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ**:

1. документ за завршено високо образование
   - за високо образование стекнато во Република Македонија: диплома или уверение за завршено високо образование
   - за високо образование стекнато во странство: превод на дипломата и одлука за верификација на високообразовна квалификација стекната во странство издадена од Министерството за образование и наука
2. лиценца за работа
3. договор за работа (се поднесува во случаи кога носителот на дејноста (докторот) и директорот не е исто лице)
4. образец М-1/М-2 заверен од Агенцијата за вработување (на неопределено време со полно работно време)

II. За здравствен работник со завршено **СРЕДНО ИЛИ ВИШЕ ОБРАЗОВАНИЕ**:

1. документ за завршено образование:
   - за образование стекнато во Република Македонија: диплома или уверение за завршено средно или више образование
   - за образование стекнато во странство: превод на документот за завршено образование и одлука за верификација на стручната квалификација стекната во странство издадена од Министерството за образование и наука
2. документ за положен стручен испит:
   - за стручен испит стекнат во Република Македонија: уверение за положен стручен испит
   - за стручен испит стекнат во странство: одлука за признавање на стручниот испит стекнат во странство издадена од Министерството за здравство
3. договор за работа
4. образец М-1/М-2 заверен од Агенцијата за вработување (на неопределено време со полно работно време)